УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ”
СКОПЈЕ
Бул. Крсте Мисирков б.б. 1000 Скопје, Р. Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811

Бр. _____
_____

ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ЗА ПОСТАПКА СО

БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ БЕЗ ОБЈАВУВАЊЕ НА ОГЛАС ЗА НАБАВКА НА СТОКИ – ВЕНЕЦИЈАНЕР РОЛЕТНИ СО МОНТАЖА

БР. ЈН – С1 – 01-2009

СКОПЈЕ,Март,2009

Инструкции за понудувачите
(Ве молиме внимателно да ги прочитате)

1. Предмет на договорот за јавна набавка
Предмет на договорот за јавна набавка се стоки – венецијанер ролетни со монтажа..
Детален опис на предметот на договорот е даден во техничките спецификации во прилог на оваа тендерска документација.

2. Начин на испорака на стоките / извршување на услугите / извршување на работите
Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорача на следниов начин : ф-ко простории на набавувачот, намонтирани и ставени во функција.
3. Разлики во цена (корекција на цени)

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

4. Рок на испорака на стоките / за извршување на услугата / за завршување на работите

Носителот на набавката е должен да ги испорача стоките / изврши услугите / заврши работите предмет на договорот во рок од 10 работни дена од денот на склучување на договорот за јавна набавка.
Сите понуди кои предвидуваат подолг рок од предвидениот треба да се отфрлат како неприфатливи.

5. Начин на плаќање
Начин на плаќање на фактурите од страна на набавувачот ќе биде вирмански преку банка во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурите кај набавувачот.

Критериуми за утврдување на способност на понудувачите
6.1. За да учествува во постапката за доделување на договор, понудувачот треба да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.
6.2. За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност, понудувачот треба да има на располагање документ за регистрирана дејност – ДРД образец, како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран, кој го доставува заедно со понудата во оригинал или копија заверена од понудувачот. Документот се издава од Централен регистар на РМ - не постар од 6 месеци.
6.3. **Доколку ДРД образецот, односно регистрираната приоритетната дејност на економскиот оператор не е во согласност со предметот на договорот за јавната набавка, понудата ќе биде отфрлена како неприфатлива.**

7. Изготвување и поднесување на понудите

7.1. Начин на изготвување на понудата
Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во тендерската документација. Понудата мора да ги содржи сите елементи кои се предвидени во образецот на понуда во прилог на оваа тендерска документација Понудувачот подготвува еден оригинален примерок. Понудата се пишува со неизбришливо мастило и ја потпишува одговорното лице на понудувачот. Сите страници на понудата, освен за неизменетата печатена литература, ги парафира лицето кое ја потпишува понудата. Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само доколку е парафирано од лицето кое ја потпишува понудата.
7.2. Елементи на понудата
Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Образец на понуда (Прилог 1),
- Доказ за регистрирана дејност-ДРД образец не постар од 6 месеци
- Образец на модел на елементи за Договор
- Сертификат за потекло на стоките
- Мостри за ролетните (кутија, ролетна- бои, конец и механизам за вртење,жабица за затегање на ролетната).

7.3. Период на важност на понудата

Периодот на важност на понудата ќе изнесува **30** дена од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

7.4. Запечатување на понудата

Понудувачот го приложува оригиналниот примерок во запечатен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса.

Внатрешниот плик се приложува во запечатен надворешен плик кој:

- е адресиран со точна адреса на договорниот орган,
- го содржи бројот на огласот,
- во горниот лев агол стои ознака „Не отварај“, да не се отвора пред времето и датумот за отворањето на понудите.

Доколку сите плика не се запечатени и обележани како што се бара, договорниот орган не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на понудата.

7.5. Принцип на една понуда

Едно право или физичко лице може да поднесе само една понуда, без оглед дали ја доставува поедиечно или како член на група на понудувачи. Во спротивно сите понуди во кои се јавува тоа правно или физичко лице се отфрлаат.

8. Критериуми за доделување на договорот

Критериум за избор на најповолна понуда и доделување на договорот за јавна набавка е:

Економски најповолна понуда

Елементи на критериумот економски најповолна понуда се:

1. Цена ..... 80 бода
2. Рок на гаранција ..... 10 бода
3. Одржување на ролетните вон гарантен рок.....10 бода

9. Известување на понудувачите

Сите понудувачи кои учествувале во постапката за доделување на договор за јавна набавка со барање за прибирање на понуди ќе бидат писмено известени за изборот на најповолна понуда во рок од три дена од денот на донесување на одлуката за доделување на договорот за јавна набавка, а во прилог на известувањето договорниот орган ќе достави и примерок од одлуката.

10. Правна заштита

Секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка, во согласност со условите и постапката предвидени со Законот за јавните набавки.

Технички спецификации

1	2	3
Опис	Единица мерка	Количина
ВЕНЕЦИЈАНЕР РОЛЕТНИ со монтажа – со ширина од 25 мм, дебелина 18 микрони, а должина према соодветните прозори, со дебелина на конец од цца 20 микрони, пластичен механизам за вртење прозирен или во боја на ролетната, алуминиумска /метална кутија- носач на ролетната,метална жабица за затегање на ролетната, боја по избор на набавувачот	м2	1

Напомена: Точни мерки и количини за изработка на ролетните ќе се земат од страна на носителот на набавката на лице место кај набавувачот.

Прилог 1 – Образец на понуда

Врз основа на поканата за поднесување на понуди ЈН- С1-01-2009 за доделување на договор за јавна набавка на **стоки – венецијанер ролетни со монтажа** во постапка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас, согласно Член 100 точка 1 алинеја 1 од ЗЈН и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот: _____
I.2. Контакт информации
- Адреса: _____
- Телефон: _____
- Факс: _____
- Е-пошта: _____
- Лице за контакт: _____

I.3. Одговорно лице: _____
I.4. Даночен број: _____

Дел II – Техничка и финансиска понуда

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве **стоки**/услуги/работи

1	2	3	4	5	6
Опис	Единица мерка	Количина	Единична цена без ДДВ	Вкупна цена без ДДВ (3*4)	ДДВ
ВЕНЕЦИЈАНЕР РОЛЕТНИ со монтажа – 25мм	м2	1			
Вкупна цена без ДДВ Со зборови:					

II.2. Според тоа, вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: _____ *[со бројки]* (_____) *[со букви]* денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува _____.

II.3. Во прилог ги доставуваме бараните брошури, каталози, мостри и слично за стоките кои ги нудиме, и тоа: _____.

II.4. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

II.5. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

II. 6. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и приложениот нацрт – елементи за договор.

II.7. Набавувачот го задржува правото да не ја искористи целата вредност на набавката.

Место и датум	Одговорно лице
_____	_____ (потпис и печат)

Модел на Договорот – елементи на договорот

Општи информации за понудувачите:

Врз основа на конечноста на одлуката за доделување на Договорот за јавна набавка, Договорниот орган ќе склучи Договор за реализација на предметот на набавката со еден понудувач чија понуда е избрана за најповолна и која понуда ги исполнува пропишаните критериуми за утврдување на способноста со тендерска документација.
Времетраењето на Договорот ќе биде колку што е рокот за изработка на предметот на Договорот од денот на неговото потпишување,односно рокот на гаранција на производите.
Составен дел на Договорот ќе бидат Понудите на понудувачите по оваа постапка за доделување на Договор за јавна набавка.

Договорот вообичаено ќе ги содржи следните елементи:

- Договорни страни
- Предмет на договорот
- Количини
- Цена / Вредност на договорот
- Начин и рокови на плаќање
- Начин на реализација на договорот
- Обврски на набавувачот
- Обврски на носителот на набавката
- Рекламација и гаранција на извршување на Договорот (доколку се бараат), санкции
- Времетраење и раскинување на Договорот,
- Виша сила и
- Завршни одредби.

Одговорното лице на понудувачот е должен да даде согласност на предложените елементи за изготвување на договорот.

Одговорно лице на
понудувачот

_____

(потпис и печат)